ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредност
Ц Д Х В АД
Бр. 02-1121/1
25-02. 2015 год
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

**2014 ГОДИНА**

Скопје, Февруари 2015 година

## Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2014 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање";
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2014 година.

## Деловно окружување

Во текот на 2014 година Депозитарот својата активност ја остваруваше под влијание на повеќе интернационални и домашни фактори, кои влијаеа како врз пазарот на капитал, така и на состојбите во трговските друштва. Влијанието на овие фактори врз работењето на Депозитарот во 2014 година главно беше следено од значајни неизвесности и зголемени идни ризици.

Во текот на 2014 светската економија забележа пораст од 3,3%, но што е многу поважно за Македонија, Европската Унија оствари раст од скромни 1,3% додека на ниво на евро зоната беше забележан раст од само 0,8% како резултат на неспроведените структурни прилагодувања и бавната имплементација на реформите.

Наспроти неизвесностите во опкружувањето, во Република Македонија остварувањата кај клучните макроекономски и финансиски показатели потврдија постоење на солиден домашен амбиент, економски раст на БДП од 3,5%, остварен со зајакнување на домашната побарувачка, пораст на капиталните инвестиции дополнето со силен пораст на извозот на стоки. Како резултат на намалувањето на сите компоненти на инфлацијата, пред се на енергенсите и храната во последниот квартал, инфлацијата навлезе во негативна зона од -0,3% на годишна основа.

Во текот на 2014 година државата беше редовно присутна како издавач на примарниот пазар на хартии од вредност, при што согласно објавените календари на аукции на хартии од вредност беа пуштени во промет и државни записи и државни обврзници со тенденција на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност.

На Македонската берза прекинаа надолните трендови од минатите години така што во 2014 е забележан раст на индексот МБИ10 за 6,06%, како и на прометот за 169% пред се како резултат на порастот на јавните берзански аукции кои сочинуваат безмалку 50% од прометот. Вкупно реализираниот промет изнесува 8,7 милијарди денари односно 142 милиони евра од кои на јавните берзански аукции отпаѓаат 70 милиони евра, грото резултат на 1 трансакција. Ваквата ситуација придонесе да продолжи трендот на намалување на членките на Депозитарот со затворање на 3 брокерските куќи така што нивниот број се сведе на 10 членки.

Закрепнувањето на домашната економија имаше позитивно влијание врз растот на активностите на домашните банки со соодветен одраз на пазарот на капитал. Сепак, во услови на сè уште неизвесен амбиент и присутност на ризиците кај реалниот сектор, потребно е време за да се оцени постојаноста на позитивните придвижувања на пазарот на капитал.

# Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2014 година

## ❖ Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност

### *Хартии од вредност*

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2014 година.

| Вид на хартии од вредност | Број на активни ИСИНИ | Издадена количина | Номинален капитал (МКД) |
|---|---|---|---|
| Акции | 613 | 399.789.511 | 234.307.966.643 |
| Обврзници | 105 | 1.107.193.845 | 40.317.077.206 |
| Останати ХВ | 19 | 3.084.004 | 30.840.040.000 |
| Вкупно | 737 | 1.510.067.360,00 | 305.465.083.849 |

### *Сметки на иматели*

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2014 година.

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) | % промена во однос на претходната година | Број на сметки | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 233.541.951.531 | 5,63 | 84.028 | -3,92 |
| Портфолио сметка | 50.091.248 | 323,61 | 41 | 20,59 |
| Застапничка сметка | 59.318.502 | 4,70 | 12 | -7,69 |
| Старателска сметка | 21.988.679.763 | 18,52 | 64 | 14,29 |
| Други сметки | 49.825.042.805 | 1,24 | 6.645 | -3,46 |

### Структура на иматели

Структура на сметки по тип на инвеститор во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2014 година.

| Инвеститор | 31.12.2014 | 31.12.2013 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 84.213 | 87.587 | -3,85 |
| Домашни правни лица | 2.324 | 2.388 | -2,68 |
| Странски физички лица | 1.325 | 1.351 | -1,92 |
| Странски правни лица | 210 | 209 | 0,48 |

## ❖ Утврдување и порамнување на трговски трансакции

### Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза

Порамнети трансакции во 2014 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2014 година (МКД) | Вредност 2013 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 8.706.757.855 | 3.240.247.581 | 168,71 |
| **Количина ХВ** | 26.287.520 | 15.676.018 | 67,69 |
| **Број на трансакции** | 13.398 | 13.585 | -1,38 |

Во текот на 2014 година немаше ниту една непорамнета трансакција.

**Вредност на порамнети трансакции по членка МКД (куповна и продажна страна)**




**Број на порамнети трансакции по членка (куповна и продажна страна)**




### Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2014 година (МКД) | Вредност 2013 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 10.322.762.334 | 2.857.869.512 | 261,20 |
| **Количина ХВ** | 1.049.639 | 288.424 | 263,92 |
| **Број на трансакции** | 67 | 28 | 139,29 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 8 учесници на продажна страна и 9 учесници на куповна страна.

- **Нетрговски преноси на хартии од вредност**

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2014 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | 2014 година | 2013 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 928 | 1.120 | -17,14 |
| Подарок | 242 | 329 | -26,44 |
| Судски одлуки | 22 | 44 | -50,00 |

- **Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот**

**Корпоративни активности на акционерските друштва во 2014 год.**

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2014 година:

| Активност | БРОЈ |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 16 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 17 |
| Нови емисии на постоечки АД | 11 |
| Евидентиран стечај на АД | 13 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 5 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 4 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 8 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2014 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

**Преземање на акционерски друштва**

Во текот на 2014 година не беше реализирано ниту една постапка за преземање на акционерски друштва согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

### ❖ Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2014 година:

| Државни хартии од вредност | Број на емисии | Износ на емисиите (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на тримесечни записи | 0 | 0 |
| нови емисии на шестмесечни записи | 12 | 11.437.510.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 19 | 30.840.040.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 35 | 12.747.040.000 |
| **Вкупно** | **66** | **55.024.590.000** |

| | | |
|---|---|---|
| емисии на доспеани тримесечни записи | 0 | 0 |
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 26 | 33.825.990.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 20 | 20.355.640.000 |
| пресметани купони од континуирани државни обврзници | 59 | 1.143.092.250 |
| **Вкупно** | **106** | **55.324.722.250** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија, извршени се повеќе активности.

- Извршени се пресметки на последните 4 рати и камати од Обврзницата за гарантирање на стратешки партнер и со тоа обврзницата е комплетно доспеана. Истата беше регистрирана во системот на ЦДХВ на 30.05.2002 година, и успешно е администрирана во текот на последните 12 години преку 52 пресметки на рати и камати на квартално ниво со користење на променлива каматна стапка.

- Во текот на 2014 е запишана и структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Тринаесетта емисија. Обврзницата е издадена со износ од 10.000.000 евра, а регистрирани се обврзници на 542 физички лица и постапено е по 72 решенија за денационализација за верски објекти.

- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од трета до дванаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Третата емисија на обврзници за денационализација.

### Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2014 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 29 |
| Копија од акционерска книга | 64 |

### Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот

На почетокот на 2014 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на акционерските друштва. Беа испратени 641 акционерски книги (по ИСИН број), до 525 акционерски друштва.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2014 година до имателите беа испратени 11.446 известувања.

Со регистрирањето на Тринаесеттата емисија на обврзници за денационализација, до имателите се испратени 611 известувања.

### Соработка со Фондот за ПИОМ

Во текот на 2014 година е продолжена соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија. Во текот на годината на Берзата се спроведени пет јавни берзански аукции со акции и удели во сопственост на ФПИОМ, за кои Депозитарот изврши претходни проверки. Во врска со тоа, порамнети се 34 трговски трансакции, а веднаш по порамнувањето на емисиите на приоритетни акции е применета одредбата од член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на РМ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06, 84/07, 123/2012) со кој акциите со продажбата се претвораат во обични.

## Членки на Депозитарот

На почетокот на 2014 година бројот на членките на Депозитарот изнесуваше 13 членки, од кои 9 брокерски куќи и 4 банки. Во текот на 2014 година, членството во Депозитарот трајно престана на три членки и тоа Алта Виста брокер АД Скопје, Пеон Брокер АД Скопје и Еуроброкер АД Скопје. Имено, поради донесени одлуки на собранието на акционери на именуваните брокерски куќи за престанок со работа, односно гаснење на деловниот потфат, дојде до гаснење и на нивното членство во Депозитарот, со следниот тек на настани:

- На 04.02.2014 г. до ЦДХВ доставено е Решение бр. УП 08-2 донесено од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: КХВ) за трајно одземање на дозволата за работа со хартии од вредност на Алта Виста Брокер АД Скопје. Врз основа на тоа, ЦДХВ започнувајќи од ден 05.02.2014 година трајно ја исклучи од членство Алта Виста Брокер АД Скопје.
- На 18.02.2014 година ЦДХВ прими Решение бр. УП 08-14 донесено од КХВ за трајно одземање на дозволата за работа со хартии од вредност на Пеон Брокер АД Скопје и започнувајќи од ден 19.02.2014 година трајно го исклучи од членство Пеон Брокер АД Скопје.
- Постапувајќи по Решението на КХВ бр.08 УП1 86 од 14.08.2014 година за трајно одземање на дозволата за работа со хартии од вредност на членката Еуроброкер АД Скопје, Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 15.08.2014 година донесе Одлука за трајно исклучување од членство на оваа членка започнувајќи од 18.08.2014 година.

Престанокот на членството во Депозитарот на именуваните брокерски куќи беше објавено на веб страната на ЦДХВ, согласно Правилата за членство на Депозитарот.

На крајот на 2014 година вкупниот број на членки на ЦДХВ изнесуваше 10 членки, од кои 4 се банки и 6 се брокерски куќи.

Во табеларниот приказ што следи презентирани се состојбите со членките на Депозитарот на почетокот и на крајот од 2014 година.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2014 | 31.12.2014 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | АВ | АЛТА ВИСТА БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | |
| 2. | ЕУ | ЕУРО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | |
| 3. | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4. | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 6. | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 8. | ПЕ | ПЕОН БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | |
| 9. | ПТ | ПОШТЕЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10. | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11. | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 12. | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 13. | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |

**Теренски контроли на членките**

Согласно *Програмата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година*, беше донесен План за вршење на теренска контрола на членките на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година и во рамките на неговото спроведување во текот на ноември и декември 2014 година Депозитаорт изврши теренски контроли на четири членки.

Контролата на членките на Депозитарот беше извршена согласно Упатството за начинот, времето, предметот, тимот и постапката за спроведување на теренска контрола за членки на Депозитарот за 2014 година донесено од Извршниот директор. Како критериуми за утврдувањето на членките кои беа предмет на контрола земени се во предвид следните фактори:

- Изречена мерка за утврдени неправилности од страна на КХВ во текот на 2014 година, според тежината на повредата (1 членка),
- Изречена мерка од страна на Депозитарот за сторена неправилност во текот на 2013 година (1 членка),
- Бројност на резервации во системот на ЦДХВ во период од 01.01-31.10.2014 година, под услов членката да не била предмет на теренска контрола во текот на 2013-та година (2 членки).

При контролата беа вршени следните проверки:

- Полномошна од клиенти
- Увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување;
- Уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот.

**Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

Во текот на 2014 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции на сметките на членките на Депозитарот за порамнување.

Во текот на 2014 година немаше ниту една непорамнета трансакција.

## Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извшувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2014 година беа преземени и следните активности:

### Развој на апликациски решенија

Во текот на 2014 година се остварени повеќе активности во врска со софтверска имплементација на решенија со цел нова понуда на извештаи за издавачите на хартии од вредност.

Изготвено е софтверско решение за Извештајот "Потврда на права на глас" кое содржи преглед на имателите на права на глас, преглед на имателите кои немаат право на глас, преглед на акции на неидентификуваните сметки и преглед на сопствени акции на акционерските друштва. Потврдата е изработена со цел олеснување на подготовката на акционерските собранија на издавачите на акции.

Имплементирано е решение за електронско преземање на податоците за сметките на хартии од вредност од страна на учесниците-старатели.

Со цел спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во период од 2000 до 2004 година, во тек на месец февруари 2014 година до ЦДХВ беа доставени податоци за носители на државен капитал за целите на тој закон. Депозитарот од своја страна изработи софтверско решение со кое се одредува процентуалното учество на државниот капитал во акционерските друштва на одреден датум. На овој начин во текот на месец март беа обработени податоците за 4.956 состојби на акционерски друштва и ДОО и ДООЕЛ основани од акционерски друштва со цел одредување на исполнување на условот за доминантен државен капитал на конкретното друштво.

### Изработка на нова веб страница на ЦДХВ

Во текот на 2014 година активно се работеше на изработка на нова веб страница на ЦДХВ, која е пуштена во употреба на крајот од годината.

Со цел осовременување на веб страницата на ЦДХВ АД Скопје, реорганизација и унапредување на содржините на истата, потребните активности започнаа со формирање на проектен тим од вработени на Депозитарот заради изготвување на идејно решение за содржините и организацијата на нова веб страница на ЦДХВ АД Скопје, изработка на спецификација на потребите на Депозитарот за оваа проектна активност, по што следеше постапка за набавка на услугата- Дизајн и изработка на веб страница на ЦДХВ АД Скопје од специјализиран изведувач.

Појдовните насоки при имплементацијата на активностите за изработка на нова веб страна на ЦДХВ АД Скопје беа следните: решението за содржината и организацијата на новата веб страница на ЦДХВ АД Скопје да биде билингвално,

на македонски и англиски јазик, на начин што ќе биде понуден модерен темплејт и ефикасна организација со можност за лесно ажурирање на содржините, презентација на разновидни корисни содржини лесно воочливи и достапни за клиентите на ЦДХВ АД Скопје и другите потенцијални корисници, водејќи сметка во содржината да бидат вклучени сите задолжителни објави согласно релевантните прописи. Избраниот специјализиран изведувач и тимот вработени во ЦДХВ определени за имплементација на активноста успешно ги реализираа поставените цели и насоки за креирање на новата веб страна на ЦДХВ.

### Развивање на WEB сервис за потребите на КХВ

Изработен е и пуштен е во употреба новиот веб сервис од страна на Депозитарот за потребите на КХВ во врска со спроведувањето на Законот за преземање на акционерските друштва. WEB сервисот овозможува податоците да се преземаат преку клиентска апликација хостирана на страната на КХВ, со динамика на преземање на дневно ниво.

Сите специфики на доставувањето на податоците се уредени со посебен Протокол потпишан помеѓу Депозитарот и КХВ, усогласен со Законот за заштита на личните податоци.

### Активности поврзани со реновирање на систем сала

Во текот на првиот квартал 2014год., се одвиваа низа активности во врска со планираните активности за реновирање на постојната систем сала на Депозитарот.

Поради градежните активности кои требаа да се одвиваат во постојната сала, оспособена беше помошна сала во која привремено се лоцирани серверската и комуникациската опрема. За таа цел извршени беа сите неопходни градежни работи, електрично каблирање, мрежно каблирање, климатизација, чистење и дислокација на компјутерската опрема, како и поврзување на сите витални комуникациски линии со опремата на новата локација. При тоа беа преземени низа мерки за минимизирање на сите оперативни ризици во процесот на дислокацијата на опремата.

Изработена беше проектна документација за реновирање на систем салата на Депозитарот што претставува документ врз основа на кој се доставија барањата за прибирање на понуди за изведба до неколку специјализирани компании. Спроведена е и постапка на обезбедување на ревизија на изготвениот проект и надзор над изведбата на реновирањето. По добиениот позитивен извештај од извршената ревизија на Проектот за реновирање на систем салата испратени се барања за доставување на понуди до реномирани компании кои поседуваат релевантно искуство од изведба на ваков тип на зафати.

Постапката за адаптација на постојната систем сала беше стопирана поради можноста за селење на Депозитарот на нова локација, во просториите каде е лоцирана Македонската берза. Одлуката за стопирање на реализацијата на активностите беше донесена со цел да се намалат трошоците на двете институции, да се постигнат заштеди и да се реализираат заеднички развојни проекти.

### Развивање на нови процедури

Согласно измените на Правилникот за известување од страна на депозитар на хартии од вредност за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од

АД со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.125/2014), развиени се и имплементирани нови процедури за известување на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

**Набавка на нова хардверска опрема и лиценци**

Во делот на безбедноста и заштитата од неовластени пристапи на интернет корисниците до компјутерската мрежа на Депозитарот, во вториот квартал од 2014 година извршена е набавка на нов главен Firewall. Набавени се и соодветни лиценци за заштита од напади, Bright cloud филтрирање на Web сајтови и лиценца за премиум партнерска поддршка. При набавката на новиот хардверски Firewall, извршена е и обука на вработените во Дирекцијата за информатичка технологија одговорни за безбедноста на компјутерскиот систем на Депозитарот.

Согласно Планот за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност за 2014 година, за континуирано одржување на компјутерската опрема во Депозитарот што е од значење за непречено извршување на неговите функции беа обновени 5 персонални компјутери, а беа набавени и потребните лиценци за оперативните системи за овие компјутери.

Во четвртиот квартал беше обновена и лиценцата за антивирусен, антиспам и антималвер програм како ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери.

## Правни и нормативни активности

- **Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ**

### Статут на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје

Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на седницата одржана на 27.02.2014 година одлучи да се пристапи кон поведување на постапка за Измени и дополнувања на Статутот на друштвото поради усогласување на Статутот со другите акти на друштвото кои подлежат на согласност на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, особено со Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје и Правилата за арбитража на Македонската берза АД Скопје и ЦДХВ АД Скопје. Неусогласеноста на Статутот со одредбите на Правилата за членство и за арбитража произлегуваше од тоа што измените на Статутот заради усогласување со Законот за хартии од вредност од 2005г. се донесени пред донесувањето на тие акти, додека неусогласеноста со Правилата за работа произлегуваше од неколку измени на Правилата за работа во зависност од промените кои се условени од законски измени или барања на членките, кои не беа соодветни рефлектирани во одредбите на Статутот. Воедно. Беше констатирана потреба и од извесни усогласувања на Статутот на ЦДХВ со одредбите на Законот за трговски друштва.

Во текот на постапката за измени на Статутот на ЦДХВ беше извршено и намалување на бројот на членови на Одборот на директори на ЦДХВ, од 11 на 8 членови, поради рационализација во работењето.

Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје беше ставена на деневен ред и усвоена на Годишното собрание на акционери на ЦДХВ од 26.05.2014 година. Веднаш потоа, согласно Законот за хартии од вредност измените на Статутот се доставени на согласност до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

На ден 30.06.2014 година КХВ донесе Решението УП1 08-71, кое беше доставено до ЦДХВ на 03.07.2014 година, со кое се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Депозитарот, освен на членот 1, и воедно се задолжува ЦДХВ во рок од 15 дена по приемот на решението да изврши две интервенции од технички карактер во текстот на Одлуката. Со Решението, КХВ не даде согласно на членот 1 од Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Депозитарот, кој го регилира промената на седиштето на Депозитарот бидејќи смета дека истата е преурането поради тоа што "не е донесена одлука на Собранието на акционери на Депозитарот за купување на нов деловен простор и се работи за идна неизвесна зделка, која не се знае кога и дали ќе се реализира."

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје на седницата одржана на 17.07.2014 година ги имплементираше задолженијата од Решението на КХВ со донесувањето на Одлуката за измени на Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје АД Скопје, како и утврдување на пречистен текст на Статутот. Согласно член 22 од Законот за

трговските друштва, примерок од Статутот е доставен до Централниот регистер на Република Македонија.

**Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги**

На 04.04.2014 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија достави барање до Депозитарот со кое од Депозитарот се побара во рок од 15 дена да донесе Одлука за изменување на Тарифата со која ќе се воведе нов надоместок за порамнување на трансакциите со хартиите од вредност склучени на овластена берза како резултат на јавна понуда на хартии од вредност, со тоа што ЦДХВ би наплатувал надомест само од куповната страна на трансакциите. Одборот на директори на Депозитарот на седницата одржана на ден 16.04.2014 година, имајќи ги предвид одредбите од членот 46 став 3 од Законот за хартии од вредност согласно кои КХВ има законска ингеренција да наложи измени во актите на Депозитарот, донесе Одлука за изменување на Тарифата. Постапувајќи согласно важечките прописи, Депозитарот ја достави Одлуката на согласност до КХВ. По приемот на Решението на КХВ бр. УП1 08-64 од 27.05.2014 година со кое се дава согласност на Одлуката, извршена е нејзина објава во „Службен весник на Република Македонија", изготвен е пречистен текст на Тарифата и истиот е доставен до КХВ и објавен на веб страницата на ЦДХВ.

Постапувајќи по барањето на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за измена на важечката Тарифа на ЦДХВ АД Скопје во однос на износот на надоместокот кој се наплаќа при емисија на хартии од вредност по пат на јавна понуда, Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, на седницата одржана на 16.04.2014 година, при носењето на одлуката за измени на Тарифата, одлучи до КХВ да испрати и допис во кој е потенцирано дека имајќи го во предвид актуелниот амбиент на пазарот на капитал, и најавените престојни јавни понуди, постапувањето по барањето на КХВ ќе има негативни импликации врз приходите на Депозитарот за 2014 година. Притоа, беше нагласено дека, од друга страна, се очекува Депозитарот во иднина да превземе активности за развој на нови производи од кои би генерирал нови приходи, но развивањето на нови производи е поврзано со значајни инвестиции што со оглед на нивото на развој на македонскиот пазар за хартии од вредност не можат да гарантираат поврат на инвестицијата на среден рок. Оттука, сите напори на Депозитарот за развојни активности ќе зависат од системската поддршка што ќе ја добива оваа клучна инфраструктурна инвестиција за пазарот на хартии од вредност. Истовремено, во дописот ЦДХВ повторно ги актуелизира барањата претходно истакнати и во 2013 година за:

- промена на моделот на утврдување на висината на регулаторниот трошок кој Депозитарот го плаќа кон КХВ и
- создавање поволен амбиент за редефинирање на одредени приходни тарифни ставки на Депозитарот во нагорна линија, со оглед дека за неколку од носечките надоместоци што ги наплатува Депозитарот, цените не се нивелирани од неговото основање дури ни за нивото на годишната инфлација, што понатамошното финансиско работење на Депозитарот во сегашните услови на намалени приходи и постојни регулаторни расходи, го прави крајно неизвесно.

## ❖ Упатства за работа согласно Правилата за работа на ЦДХВ

### Упатство за спроведување на упис на хартии од вредност, корпоративни дејства и доделување на ИСИН и ЦФИ ознаки во ЦДХВ

Врз основа на точка 4.2 од Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, по опсежни анализи на релевантната регулатива, во декември 2014 година Извршниот директор на Депозитарот донесе Упатство за спроведување на упис на хартии од вредност, корпоративни дејства и доделување на ИСИН и ЦФИ ознаки во ЦДХВ. Во Упатството предвидени се деталните постапки за упис на основачки и последователни емисии на хартии од вредност, промените во податоците за веќе евидентирани хартии од вредност во системот на ЦДХВ како и упис на други корпоративни дејства врз основа на законски предвидени основи како и согласно Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (ЦДХВ). Поконкретно, Упатството ги обработува следните корпоративни дејства:

- Упис на емисија на акции на издавач кој за прв пат се регистрира во ЦДХВ (по електронски пат со апликацијата за конверзија и преку мануелен упис во базата на ЦДХВ)
- Упис на последувателни емисии на акции и други хартии од вредност и продажба на сопствени акции
    - Упис на емисија на акции преку јавна понуда
    - Упис на јавна понуда на сопствени акции
    - Упис на емисија на акции преку приватна понуда
    - Упис на приватна понуда на сопствени акции
    - Исплата на дивиденда во акции
    - Упис на емисија на корпоративни или општински обврзници
    - Упис на емисија на државни хартии од вредност
- Упис на намалување на основна главнина кај акционерски друштва
    - Со намалување на номиналната вредност на акцијата
    - Со повлекување на акции
    - Поништување на сопствени акции со или без намалување на основната главнина на друштвото
- Други корпоративни дејства
    - Поделба на акции
    - Поделба на друштва
    - Спојување на друштва
    - Преобразба на акционерско друштво во друга форма на друштво
- Повлекување на хартии од вредност во историската база на податоци
- Регистрација на странски потврди за хартии од вредност
- Измена на називот и седиштето на издавачот
- Измени на податоците за емисиите
- Нетрговски преноси предвидени со ЗТД врз основа на корпоративни дејства
- Постапување во други случаи

Исто така, со Упатството се регулирани и одговорностите кои ги имаат вработените во Дирекцијата за деловни операции и Дирекцијата за информатичка технологија преку кои се извршува процесот на упис на промени на сметките за хартии од вредност кои се резултат на корпоративни дејства на сопствениците и издавачите на хартии од вредност, потребните обрасци, постапката за доделување на ISIN број и CFI ознаки, правната рамка која го опфаќа извршувањето на операциите и потребната документација за спроведување на уписи на промени на сметките за хартии од вредност врз основа на корпоративни дејства. Упатството беше

доставено до Комисијата за хартии од вредност во предвидениот рок согласно Правилата за работа на ЦДХВ.

**Упатство за спроведување на уписи на промени на сметките на хартии од вредност во ЦДХВ**

Во текот на месец септември 2014 година, врз основа на точка 4.2 од Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, донесена е Одлука за измени и дополнувања на Упатството за спроведување на уписи на промени на сметките на хартии од вредност во ЦДХВ со цел воведување на пофлексибилни можности за постапување на членките на Депозитарот при поднесување на барања за промена на податоците кај имателите на хартии од вредност, како и доуредување на одредени процеси во Депозитарот кои претходно не беа нормирани. Поконкретно, со измените на Упатството се воведува можност за членките на Депозитарот да доставуваат барања за ажурирање на податоците на сметките на нивните клиенти за име, презиме и адреса доколку промената е резултат на промена во идентификационите документи. Воедно, како една од измените која придонесува кон прецизирање на постапките кои се водат пред Депозитарот и кои можат да произлезат од активностите на членките на ЦДХВ, е воведувањето на новото подпоглавје (3.2.6) во кое се уредува постапката и потребната документација за спроведување на преноси кои се во сопственост на едно лице/субјект од еден на друг тип на сметка за хартии од вредност. По донесувањето на Одлуката, веднаш е пристапено кон изработка на Пречистен текст на Упатството и истото согласно точка 4.2 став 3 од Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје е доставено до КХВ.

**Техничко упатство користење на апликацијата на ЦДХВ за стателски банки**

Во Ноември 2014, донесено е Техничко упатство користење на апликацијата на ЦДХВ за старателски банки. Со Упатството се уредува постапката за остварување на правото на членките на Депозитарот кои се старателски банки да имаат можност за увид во старателските и збирните сметки кои се отворени на нивно име. Воедно, се уредува и генерирањето на други извештаи кои се достапни до овластените лица кај старателските банки. Ова Упатство беше доставено до Комисијата за хартии од вредност на РМ во пропишаниот рок согласно Правилата за работа на ЦДХВ.

## ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2014 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентираните состојби во неговиот систем.

### ❖ Одржани акционерски собранија

На 26.05.2014 година беше одржана 18-та редовна седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ. Собранието во рамките на своите надлежности во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ одлучуваше за:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво
5. Одлука за покривање на загубата остварена по Годишната сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2013 година.
6. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2013 година
7. Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година.
8. Известување за голема зделка од Одборот на диркетори на ЦДХВ АД Скопје со Предлог Одлука за одобрување на голема зделка.
9. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година
10. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
11. Известувања за поднесени оставки на членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
12. Одлука за отповикување на член на Одборот на директори.
13. Одлука за избор на членови на Одборот на директори.
14. Одлука за утврдување на надоместок на членови на Одборот на директори.

Согласно поднесените оставки на одделни членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, констатирани на истата седница на собрание на акционери на ЦДХВ и донесената Одлука за отповикување на еден член на Одборот на директори, извршен е истовремен избор на три нови членови. Одлуката за избор на новите членови на Одборот на директори на ЦДХВ на 11.06.2014 година е доставена за упис до ЦРМ, и е потврдена со Решение за упис на овие промени. Со измените на Статутот и изгласаните одлуки за отповикување и избор на нови членови, со цел рационализација на трошоците на функционирање, Одборот на директори на ЦДХВ продолжи да функционира во намален состав од 8 членови. Воедно, превземени се активности за објавување на новиот состав на Одборот на директори на ЦДХВ (согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност) на интернет страницата на Македонска берза. По одржувањето на Собранието беа превземени и дополнителни активности од страна на стручните служби со цел реализација на сите објави и доставувања на информации и документи согласно закон (до ЦР, до КХВ, објави во весник и Службен весник и сл.)

Во текот на 2014 година беше одржана уште една седница на Собранието на акционери на ЦДХВ. Имено, со оглед дека мандатот на актуелниот состав на членовите на Одборот на Директори на ЦДХВ беше определен до 23.03.2015 година, а барањето за согласност за директор на депозитарот согласно важечката регулатива неопходно е да се поднесе до КХВ најдоцна два месеци пред истекот на мандатот, со цел да се обезбеди континуитет во работењето на Депозитарот, извршени беа неопходните подготовки и на 24.12.2014 година беше одржано 19-то Собранието на акционери на ЦДХВ. На Собрание на акционери на ЦДХВ АД Скопје се донесе Одлука за избор на постојните членови на Одборот на директори на ЦДХВ со нов мандат од четири години. Истиот ден одржана е и конститутивна седница на Одборот на директори на која е донесена Одлука за избор на г-ѓа Антигона Буклеска Младеновиќ за претседател на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје и г-ѓа Елена Јакимовска Петровска за извршен член на Одборот на директори, која ќе ја врши функцијата Извршен директор на ЦДХВ АД Скопје по добивањето на согласноста за директор на депозитар од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

## ❖ Активности поврзани со промена на деловниот простор во кој работи ЦДХВ и активности за добивање на имотен лист на ЦДХВ за просторот во Комплекс банки

### Активности поврзани со промена на деловните простории на ЦДХВ

Во април 2014 година Одборот на директори на ЦДХВ беше информиран од страна на Извршниот директор дека се јавува можност за преселба на Депозитарот во нови деловни простории, со што би се реализирале тенденциите на Депозитарот за промена на деловните простории кои се од поодамнешен период, но истото не беше можно да се реализира поради неможност Депозитарот да ги продаде актуелните деловни простории поради отсуство на имотен лист. Имено, Одборот на Депозитарот беше информиран дека постојат новонастанати околности кои доведуваат до можност за актуелизирање на прашањето за преселба на Депозитарот во нови простории, а потоа и продажба на постојниот деловен простор со кој располага Депозитарот. Поконкретно, од комуникацијата остварена со две институции сродни по својата дејност со ЦДХВ, и тоа КИБС АД Скопје и Македонска Берза АД Скопје, беше констатирано дека КИБС АД Скопје има потреба и волја да набави деловен простор и тоа просторот со кој располага ЦДХВ во Комплексот Банки, а Македонска Берза АД Скопје да продаде една половина од деловниот простор со кој располага.

Со оглед на тоа што ЦДХВ нема имотен лист заради едноставна реализација на купопродажен договор за деловен простор со КИБС, како можно решение на оваа комплексна ситуација беа профилирани следните чекори:

- КИБС АД Скопје да набави деловен простор од Берзата кој би го отстапил на користење на Депозитарот, за сметка на што ЦДХВ би го отстапил на користење на КИБС деловниот простор во кој во моментив работи и е сместено седиштето на ЦДХВ;
- По уписот на правото на сопственост на деловниот простор во кој во моментов работи и е сместено седиштето на ЦДХВ во Катастарот на

недвижности на негово име како титулар, да се изврши размена/купопродажба на новонабавениот простор во седиштето на Берзата од страна на КИБС и актуелниот деловен простор на Депозитарот, помеѓу КИБС и Депозитарот

Во врска со тоа, беше проценето дека делењето на ист деловен простор на Депозитарот со Берзата е од интерес на двете институции со оглед дека Депозитарот има заеднички интереси со оваа институција за идни вложувања и развој, особено што ќе може да се дели една систем сала (со што значително ќе се заштеди преку делење на заедничните трошоци за тековно одржување, заедничко користење на постојбата и нова инфраструктурна ИТ опрема, како и заеднички вложувања) и салата за состаноци. И покрај тоа што на почетокот од ваквите активности би се јавиле дополнителни трошоци за Депозитарот поради адаптирање на постојната систем сала на Берзата за заедничко користење, како и трошоци за преселба, за уредување на просторот, за нови комуникациски врски и трошоци кои ќе произлезат од трансакциите, беше истакнато дека со заокружувањето на целокупната трансакција Депозитарот ќе постигне оптимизирање на вкупните трошоци, можност за заеднички развојни активности со Берзата, а ќе оствари и значајна капитална добивка од трансакцијата. Дополнително, потребите за напуштање на постојниот деловен простори произлегуваат од неговата енергетска неефикасност, неможноста за поголема контрола на трошоците кои се делат со другите корисници и неизвесноста во однос на трошоците и начинот на одржување на Комплексот во блиска иднина со оглед дека е планирано ЦРМ и НБРМ да се преселат во други објекти.

Во врска со горенаведеното, стручните служби во Депозитарот пристапија кон анализа на релевантните прописи со цел да се утврдат процесите неопходни за имплементација на потенцијалната трансакција. Согласно заклучокот на Одборот на директори, пред формализирањето на Предлог Одлуката за голема зделка изработена е проценка на вредноста на актуелниот недвижен имот од страна на овластен проценител и извршени се консултации со Управата за јавни приходи во однос на третманот на ДДВ во целокупната трансакција, можностите за негов поврат, и третманот на вложување во туѓи средства. Врз основа на овие консултации стручните служби ја изготвија Предлог- Одлуката за голема зделка која беше утврдена од Одборот на директори на седницата одржана на 29.04.2014 година и потоа усвоена на Годишното собрание одржано на 26.05.2014 г.

По усвојувањето на Одлуката за голема зделка, со цел обезбедување нејзина имплементација преставници од трите засегнати компании одржаа неколку работни средби. По одржувањето на Годишното собрание на Депозитарот, добиено е писмено Мислење од УЈП согласно кое при реализација на трансакцијата неопходно е ЦДХВ и КИБС при продажбата на деловните простории со кои располагаат во своите фактури да пресметаат и ДДВ. Дополнително, на Барање на КИБС добиено е дополнително мислење од УЈП во однос на закупнината согласно кое до моментот на формално стекнување на право на сопственост врз разменетите простории, КИБС и ЦДХВ немаат обврска за меѓусебно наплаќање на закупнина.

До крајот на 2014 година не се реализирани основните предуслови за реализација на планираните и одобрени трансакции на деловниот простор, главно од фактори и причини кои настанаа по донесувањето на собраниската одлука, а кои се поврзани со нови настани и активности кои имаа за цел решавање на децениският проблем на стекнување на имотни листови за корисниците на поростор во објектот Комплекс банки, опишани подолу во овој извештај.

**Активности за стекнување имотен лист на име на ЦДХВ за просторот во објектот Комплекс банки**

На 07.07.2014 година, од страна на Министерството за финансии до ЦДХВ доставен е нацрт записник од Двесте и деветтата седница на Владата на Република Македонија одржана на 27.05.2014 година на која се разгледувала *Информација за реализација на втората фаза од делбата на имотот на поранешен Завод за платен промет, по утврдена фактичка состојба на имотот и евидентирање во катастарската евиденција во сопственост на Република Македонија, со Предлог- Одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користењена недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство*, во која е утврдено дека се задолжува Работната група за забрзување на постапката за физичка делба на просторот на поранешен Завод за платен промет (ЗПП) формиран со заклучок на Владата, во соработка со Државното правобранителство на Република Македонија во рок од 10 дена да иницира состанок со банките со цел иницирање на процес на поднесување на тужби од страна на банките за исполнување на договорите и постугнување на судски спогодби. Со дописот на Министерстото за финансии доставен е и Геодетски елаборат бр.1141/2080/3/2 од 19.06.2014 година за внатрешно премерување на деловниот простор кој го користи ЦДХВ, и барање ЦДХВ писмено да се произнесе за недвижниот имот кој го користи, а кој е утврден со елаборатот.

По однос на доставениот *Геодетски елаборат за внатрешно премерување на згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти* на 16.07.2014 година ЦДХВ испрати допис до Министерството за финансии со кој го информираше Министерството дека по извршениот увид во содржината на Елаборатот констатирано е дека целокупниот простор кој го владее и користи единствено ЦДХВ за своите потреби е соодветно упишан во елаборатот само на име на овој правен субјект. Исто така, Министерството е информирано дека при увидот во Елаборатот е констатирано дека освен овој простор, на ЦДХВ му е припишан и заеднички простор (ходници, скали и лифтови) како и дополнителен дел од деловниот простор со кој ЦДХВ не владее. Воедно, делови од просторот кои согласно својата намена преставуваат ходници/скали и се од суштинско значење за поврзување на посебните делови од објектот се обележани како деловен простор. Оттука, со цел усогласување на содржината на Геодетскиот елаборат со реалната состојба на терен и Договорот за купопродажба на деловен простор бр. 03-7155/1 од 18.03.2002 г. и Анекс на Договорот бр.02-6566/1 од 04.03.2005 г., ЦДХВ даде 8 посебни коментари.

На 12.08.2014 година до ЦДХВ е доставен Наод и мислење СВ IV-377/2014 изработен од Бирото за судски вештачења, каде што се констатирани разликите по однос на фактичката состојба во однос на површините кои ЦДХВ реално ги владее и користи за своите деловни активности и оние површините доделени со Договор за купорподажба од 18.03.2002 година и Анекс на Договор од 04.03.2005 година. Во однос на содржината на овој Наод, ЦДХВ немаше забелешки со оглед дека разликите беа соодветно презентирани.

На 16.09.2014 година на иницијатива на Министерството за финансии одржан е состанок на претставници на ЦДХВ со преставници на Министерството за финансии, КИБС и Агенцијата за катастар на недвижности во насока на надминување на неусогласеностите кои произлегуваат од Геодетскиот елаборат

бр.1141/2080/3/2. На 26.09.2014 година, во присуство на преставници на ЦДХВ и КИБС, преставници од Катастарот на недвижности извршија увид на лице место за ставките за чија погрешна евидентирана намена приговори ЦДХВ.

На 19.11.2014 година одржан е состанок на Координативното тело на корисниците на објектот Комплекс Банки, со цел утврдување на фактичката состојба и начинот на упис на заедничкиот недвижен имот на поранешниот Завод за платен промет. На состанокот преставниците на ЦДХВ ги посочија претходните дописи на ЦДХВ до Министерството за финансии во однос на несоодветната евиденција на намената на делови од просторот како деловен простор, и покрај тоа што станува збор за скривници, подруми, ходници, помошни простории и слично, што по себе имплицира ризици од можни идни доплатувања, за што и од страна на присутните беше постигнат консензус дека тие простории треба да бидат соодветно евидентирани. Ваквиот став беше начелно поддржан и од преставникот од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, по што следуваше и официјален Допис од страна на НБРМ до Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија за соодветни корекции во Геодетскиот елаборат. Според последните текови на настаните, со ваквите корекции, за целите на решавањето на прашањето со имотниот лист и поврзано со тоа распределбата на заедничките простории во сосопственост, освен просториите кои ЦДХВ во моментот ги користи (од кои околу 10-13 м2 се вон платеното, а 70-тина квадрати се со различен квалитет во однос на содржината на анекс-договорот) се очекува на ЦДХВ да му се припише во сосопственост со другите корисници заеднички деловен простор од околу 180-310 м2, од кои за ЦДХВ идеален дел од 1/10.

Започнатите активности за конечно разрешува на состојбите околу стекнувањето на имотен лист на ЦДХВ за просторот кој го има платено, односно просторот кој го владее во објектот Комплекс банки, до крајот на извештајниот период немаа свој епилог и се очекува да продолжат и во наредниот период. Поради големиот број отворени прашања и неизвесности кои се појавија во текот на активноста која ја иницираше дописот на Министерството за финансии од јули 2014 година, предметот на фокус на ЦДХВ во втората половина од годината беа опишаните активности, за сметка на реализација на активносите за преселба согласно Одлуката на собранието на акционери.

### ❖ Други правни и нормативни активности

➢ Во текот на 2014 година, Депозитарот беше странка во седум судски постапки како тужена страна од кои шест беа започнати изминатите години, а една постапки е започната во 2014 година. До крајот на 2014 г. пред основните судови во тек останаа две постапки. Од другите останати пет предмети состојбата заклучно со 31.12.2014 г. е следна:

- За 1 предмет Основниот суд Битола донесе пресуда во корист на ЦДХВ и предметот е во тек пред Апелациониот суд во Битола,
- За 1 предмет, Основниот суд Скопје донесе пресуда на штета на ЦДХВ и предметот е во тек пред Апелациониот суд во Скопје,
- во 2 постапки пред Апелациониот суд во Скопје се потврдени пресуди на Основниот суд Скопје во корист на ЦДХВ и за еден од нив поднесена е ревизија пред Врховниот суд на Република Македонија.
- за 1 предмет донесена е Пресуда на Врховниот суд на Република со која Ревизијата против ЦДХВ се одбива како неоснована, а предметот се враќа

на повторно судење пред основниот суд во однос на тужбеното барање кон друг тужен субјект во истата постапка.

➢ Од аспект на следење на правната регулатива која го уредува работењето на Депозитарот, проактивниот однос продолжи и во 2014 година. Со цел обезбедување на законско постапување од страна на ЦДХВ на 02.12.2013 година ЦДХВ испрати Допис до Комисијата за хартии од вредност согласно кој ги предочи отворените прашања и побара насоки за понатамошно постапување или регулирање на презентираните состојби согласно измените на Законот за трговските друштва објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.122/2012 од 2012-та година, каде што е утврдена постапка за бришење на трговските друштва од евиденцијата на Централниот регистар доколку се настанати условите за бришење на „неактивен субјект" во ЦРМ (неподнесени годишни сметки и непотврдена идентичност на податоците) или трговците поединци и трговските друштва кои се водат како блокирани од Управата за јавни приходи. Од страна на Комисијата за хартии од вредност со Допис бр. 08-1950/2013 08-83/1 од 14.01.2014г., Депозитарот беше упатен оваа проблематиката да ја регулира со Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје. Во однос на оваа препорака од страна на Депозитарот со писмен допис е укажано дека сите отворени прашања кои се јавуваат како резутат на недоуреденост на Законот за трговските друшта не можат да бидат предмет на регулирање во Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје, бидејќи истите не можат да го доуредуваат законот во делот кој не е надлежност на ЦДХВ. Оттука, со цел избегнување на ситуации во кои поради правни празнини Депозитарот не би бил во состојба да постапува по извршено бришење на трговско друштво од Трговскиот регистар, Депозитарот достави предлог до КХВ за дополнувања на одредбите на Законот за трговски друштва.

➢ Со цел да даде свој придонес кон ефикасна примена на Правилникот за известување од страна на депозитар на хартии од вредност за стекнати повеќе од 5% на било кој род и класа на хартии од вредност издадени од страна на котираните друштва и акционерските друштва со посебни обврски за известување објавен како предлог на јавна расправа на веб страната на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје го даде свое стручно мислење во однос на потребата од негово попрецизно уредување.

➢ Во текот на месец јуни беше финализиран и потпишан Протокол помеѓу КХВ и ЦДХВ за обезбедување на пристап до податоци од информацискиот систем на Депозитарот, со цел обезбедување на имплементација на Законот за превземање на акционерските друштва. Во Протоколот се вградени и одредби за заштитата на личните податоци согласно закон.

➢ На барање на Министерството за економија, преставници на ЦДХВ беа номинирани како членови во работна група за изработка на предлог Закон за тргување со благородни метали.

➢ Во рамките на извештајниот период, од страна на Комисијата за хартии од вредност е спроведена една редовна контрола и една вонредна контрола.

На 10.01.2014 година беше спроведена вонредна контрола на работењето на ЦДХВ од страна на Комисијата за хартии од вредност. Основна цел на контролата беше утврдувањето на вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот дена на тргување во 2013 година, што преставува основ за плаќање на надомест за надзор согласно

Тарифникот на Комисијата. При извршувањето на контролата, согласно Записникот беше утврдено дека вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ АД Скопје, со состојба на ден 30.12.2013 година, изнесува 247.459.616.172,15 денари.

Потоа, на 17.12.2014 година беше спроведена и редовната годишна контрола која го опфати целокупното работење на Депозитарот во 2014 година.

➢ Имајќи ја во предвид важноста од продолжување на процесот на имплементација на соодветни мерки со кои ќе се зголеми заштитата и тајноста на личните податоци, а воедно и обврската за усогласување со Законот за архивски материјал од аспект на постапувањето со хартиената документација која содржи лични податоци, во 2014 донесени се акти во кои се вградени одредби со кои се утврдуваат механизми за заштита на личните податоци кои ги обработува Депозитарот.

➢ Извршниот директор на ЦДХВ во текот на месец ноември донесе Одлука за формирање на Комисија за изготовка на План на архивски знаци за распоредување на актите на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година, Листа на архивски материјал на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година. По изготвувањето на листите, согласно Законот за архивско работење, истите во предвидениот рок беа достави до Државниот архив на Република Македонија. На 11.12.2014 година, Државниот архив на Република Македонија достави Решение до ЦДХВ со кое се дава согласност на предметните планови и листи како официјално одобрени документи за архивското работење на ЦДХВ во 2015 година.

➢ Во текот на 2014 година разработена е постапка и утврден е формулар за спроведување на постапката за евалуација на работната успешност на вработените. Потоа, врз основа на утврдената документација, во текот на месец октомври спроведена е евалуација на работната успешност на вработените во Депозитарот, при шти се изработени формулари за работна успешност на вработените, истите се предадени на секој вработен, извршени се разговори при кои истакнати се некои особени постигнувања на вработениот и споделени се двонасочни размислувања за потребни подобрувања во наредниот период.

➢ Во текот на месец декември 2014 година, формиран е тим кој изврши контрола на целокупниот систем за заштита на личните податоци и за истото изготви извештај.

➢ Со влегувањето во сила на Закон за безбедност и здравје при работа во 2007 година, работодавачите имаат обврска да изготват изјава за безбедност која ќе содржи и проценка на ризик на сите работни места и за таа цел треба да ги извршат потребни периодични мерења на опрема и средства за работа, периодични мерења на микроклима, физичките хемиски и биолошки штетности, да извршат обука на вработените за безбедно извршување на работата. Согласно важечките прописи од оваа област овие активности може да бидат спроведени исклучиво од страна на овластени стручни правни субјекти (лиценцирани фирми). Од тие причини, во текот на 2014 година се спроведоа активности за избор на лиценцирана компанија која ќе ги изврши неопходните услуги за потребите на Депозитарот во текот на 2015 година.

➢ Во текот на 2014 година, Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансико разузнавање, Државното правобранителство, судови и други институции. Доставувани се одговори на барања на поединци и акционерски друштва.

## Меѓународна соработка

Во текот на 2014 година, Централниот депозитар за хартии од вредност беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка. Во текот на годината Депозитарот редовно ги извршуваше своите обврски кон ANNA и кон FEAS преку испраќање на податоци на дневна основа и учество во истражувања.

Во текот на годината реализирани се следните активности во доменот на меѓународната соработка:

- Во периодот 21-24.05.2014 претставник на Депозитарот присуствуваше на Генералното собрание на ANNA кое се оддржа во Рејкјавик, Исланд. На собранието беа усвоени повеќе одлуки, меѓу кои беа адаптирани Насоките за членките (Membership guidlines), донесена е одлука за адаптација кон новата верзија на ISO 6166 и презентирани се повеќе извештаи од интерес на членките на ANNA.

- На 12.06.2014г претставник на Депозитарот присуствуваше на работилницата во организација на ECSDA која се одржа во Брисел, Белгија. Темата на работилницата беше имплеменатција на новата регулатива на Европската Унија за депозитарите на хартии од вредност (CSDR) која стапи на сила во септември 2014 година.

- Во периодот од 24.-27.09.2014 претставници на Депозитарот присуствуваа во работна посета на Istanbul Settlement and Custody Bank Bank Inc.- Takasbank како и МКК – Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Турција. При тоа е потпишан Меморандум за соработка помеѓу МКК и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Меморандумот за соработка има за цел интензивирање на соработката на двете институции во сферата на размена на информации и искуства поврзани со порамнувањето на трансакции со хартии од вредност, водењето на регистарот на хартии од вредост, а во функција на развој на финансиските пазари во Македонија и Турција. Претставниците на Депозитарот присуствуваaа и на бројни презентации од повеќе аспекти на работењето на Takasbank и МКК, а особено нивните продукти во врска со одржување на акционерски собранија. Оваа посета беше организирана под покровителство на FEAS, при што ЦДХВ аплицираше и доби можност за користење на билатерална техничка помош.

- Почнувајќи од 23.08.2014г започна тестирањето на новиот формат на испраќање на податоци до Anna Service Bureau, како дел од ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Дирекцијата за информатичка технологија ги спроведе потребните измени на форматот за испраќање на податоци и успешно го реализираше тестирањето на податоците кои се однесуваат на испраќање на Master фајлот кој ќе ги содржи податоците за сите емисии за хартии од вредност кои биле и во моментот се регистрирани во системот на Депозитарот. Мастер фајлот беше испратен на 10.11.2014г и истиот содржи податоци за 2120 емисии на хартии од вредност. Почнувајќи од 11.11.2014 ЦДХВ продолжи со секојдневно испраќање на податоци за новозапишани и изменети емисии на хартии од вредност со користење на новиот формат.

- Во октомври е доставен редовниот годишен прашалник на Асоцијацијата на глобални старатели за 2014-2015 година.
- На 19 и 20 Ноември во Загреб, Хрватска, се одржаа средби на работните тела на FEAS, и тоа на работниот комитет, на Извршниот одбор и Генерално собрание. ЦДХВ, како член на Извршниот одбор на FEAS, зема активно учество во работата. Во рамките на годишното собрание на FEAS, поради истекување на мандатот на Извршниот одбор, се пристапи кон избор на нов состав, а ЦДХВ АД Скопје беше повторно избран за член во Извршниот одбор на FEAS, кој вкупно брои 11 членови. Во рамките на неформалните средби кои се составен дел на официјалните активности, беше остварена средба на претставници на ЦДХВ со присутни претставници на ЕБРД, каде повторно се дискутираше околу можностите за поддршка на Депозитарот од страна на ЕБРД за реализација на проектот за развивање на дистрибутивен систем на информации за издавачите и имателите на хартии од вредност. Присуството на состанокот во Загреб на претставниците на ЦДХВ беше искористено и за билатерална средба со менаџментот на SKDD – депозитарот во Загреб.

## Промотивни активности

➢ На 16 мај во Скопје во организација на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Македонската берза АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија се одржа втората „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност". Овој заеднички настан на едно место ги обедини еминентните претставници на финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и универзитетите, ревизорите и сите останати субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност. Конференцијата ја отвори Гувернерот на Народна банка на Р.М. Димитар Богов, а воведни обраќања имаа Елизабета Чингаровска, Претседател на Комисијата за хартии од вредост на РМ и Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза АД Скопје. Во централната панел дискусија посветена на темата „ Каде оди македонскиот пазар на хартии од вредност„ своите ставови и мислења ги размениja Диомидис Николетопулос, Генерален извршен директор и Претседател на Управен одбор на Стопанска банка Скопје, Драган Давитков, Менаџер во PricewaterhouseCoopers Скопје, Мирољуб Шукаров, Проректор на Универзитетот Југоисточна Европа, Антони Пешев, Претседател на Собранието на Стопанската Комора на Македонија и Горан Марковски, Главен извршен директор на КБ Публикум инвест АД Скопје, а модератор на истата беше Елена Јакимовска Петровска, Извршен директор на Депозитарот. Конференцијата беше организирана со финансиска поддршка на неколку спонзори.

➢ Во рамките на активностите за редизајнирање на веб страната на ЦДХВ беа преземени значајни активности за подобрување и збогатување на содржините на веб страницата на Депозитарот. Содржините беа збогатени со информации кои ја олеснуваат постапката на подготовка на поднесоци заради соодветни уписи на промени во Депозитарот. За информативни цели на широката јавност посветено беше особено значење на брзо и лесно изнаоѓање на голем број релевантни информации за издадените хартии од вредност во Репулика Македонија, како и статистички податоци. Имајќи ја во предвид законската обврска на Депозитарот на својата веб страна да ги објавува акционерите кои поседуваат повеќе од 5% од определена класа на хартии од вредност на котираните друштва и акционерските друштва со посебни обврски за известување, на главната страна е воведен брз линк до тие податоци. Веб страната е изработена како целосно двојазична, каде информациите се достапни и на Македонски и на Англиски јазик. Исто така, различните пребарувања низ содржините на страниците, достапни се и во македонска поддршка и на латиница.

➢ Во текот на годината на неколку наврати Извршниот директор на Депозитарот беше гостин-предавач на часови на додипломски и постдипломски студии на неколку професори на унизерзитети во Република Македонија од областа на корпоративното управување и хартиите од вредност, каде беше претставена проблематиката на работењето со хартии од вредност во РМ и Централниот депозитар за хартии од вредност.

➢ На покана на Министерот за образование и наука, Извршниот директор на Депозитарот беше учесник во проектот "Вешти и компетентни", во рамките на кој во ноември 2014 година е реализирана едукативна интерактивна програма со ученици од средно образование.

## Други позначајни активности во текот на 2014 година

➢ Со Решение на Државниот архив на Република Македонија доставено со прилог Записник ИП/1 бр.16-16 од 24.02.2014 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје беше задолжен да изврши комисиско одбирање на архивскиот материјал од трајна вредност од документарниот материјал за периодот од 2001 до 2012 година, врз основа на листите на архивски материјал од трајна вредност и документарен материјал, соодветно за секоја календарска година и да изготви соодветна евиденција за архивскиот материјал од трајна вредност за периодот од 2001 до 2012 година. Со цел целосно и навремено спроведување на Решението на ДАРМ и во текот на 2014г. беа спроведени бројни активности, со конкретно утврдена динамика и организација на утврдените работни задачи. Во текот на месец декември Депозитарот го финализираше комисиско одбирање на архивскиот материјал од трајна вредност од документарниот материјал и изготвените евиденции за периодот 2001-2012 година во рокот определен согласно Решението ги достави до ДАРМ.

➢ Во текот на месец јануари поднесена е Иницијатива до Владата на Република Македонија–Секретаријат за европски прашања за добивање на грант од Програмата за норвешка билатерална проектна помош. Во Иницијативата е изразен интерес за користење на грантот со цел обезбедување на техничка поддршка и набавка на опрема заради хармонизација со европските стандарди за депозитари и меѓународните ISO стандарди и воведување на услуги за имателите на хартии од вредност, издавачите и другите засегнати субјекти, преку електронски пристап до базите на податоци во Депозитарот.

➢ Остварени се контакти со претставници на ЕБРД, Светска Банка и УСАИД околу можностите за добивање на грант за Депозитарот за реализација на проект за изработка на дистрибутивен систем.

➢ Во септември 2014 година започна Твининг проект насловен како „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата„ во чии рамки учествува и претставник од Депозитарот. Станува збор за сложен двегодишен проект кој би требало да резултира со поефикасен систем за проверка и следење на податоците кои именуваните и избрани функционери ги доставуваат до Државната комисија за спречување на корупцијата, а кои се однесуваат на нивната имотна состојба.

➢ Претставник на Депозитарот беше дел од работната група за соработка со Peer Review Group на Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации при OECD, при што во почетокот на јули 2014г е усвоен извештајот за Република Македонија.

➢ Во врска со изработеното софтверско решение за содржина на Потврдите за право на глас испратени се промотивни писма до повеќе од 60 издавачи – акционерски друштва кои имаат поголем број акционери

➢ На покана на Здружението на правници на РМ, Извршниот директор на Депозитарот имаше своја презентација на 71-та Средба на правниците на РМ, која се одржа во периодот 16-18.10.2014 година, со труд со наслов "Контраверзите во врска со основната главнина – зголемувањето, односно намалувањето на основната главнина, издавањето и преносот на акциите во акционерските друштва и со правата и обврските на акционерите", кој беше објавен и во Деловно право.

➢ Во ноември 2014г., претставници на Депозитарот учествуваа на семинарот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, кој регулаторното

тело традиционално го одржува еднаш годишно и на кој учествуваат претставници на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност како и претставници на инвестиционите фондови. На семинарот беа изложени некои отворени прашања во поглед на законската и подзаконската регулатива кои ги засегаат овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, а за некои од нив КХВ изрази спремност во рамките на своите надлежности да интервенира со предлози за измени на законската регулатива како и да направи измени на подзаконските акти кои таа ги донесува.

## Остварени финансиски резултати во 2014 година

Во 2014 година, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **37.332.750 МКД**. Вкупните приходи се зголемени во однос на остварените приходи во 2013 година за 17%, додека во однос на планираните приходи за 2014 година се реализирани во ист износ како и предвиденото во финансискиот план.

Приходите остварени од камати изнесуваат 1.917.169 МКД и претставуваат 5,14% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Приходите по овој основ се помали во споредба со нивната реализација во 2013 година (за 22%) и во однос на планираните за 2014 година (за 13%). Намалувањето на приходите по овој основ главно е предизвикано поради континуираниот пад на активните каматни стапки. На 31.12.2014 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6 и 12 месеци во вкупен износ од 48.100.000 МКД и орочени девизни депозити (во Евра) на 3 и 12 месеци во вкупен износ од 11.173.842 МКД, како и парични удели во износ од 5.450.511 МКД.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2014 година изнесуваат 35.024.450 МКД и истите се зголемени за 23% во однос на 2013 година. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на годишна членарина за 2014 година изнесуваат 1.013.316 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 2,71%. Приходите по овој основ се намалени за 37% во однос 2013 година и 8% во однос на планираните. Причината на намалените приходи по овој основ во текот на 2014 година во однос на 2013 година е тоа што дојде до исклучување на три членки од членство во Депозитарот поради престанок со работа на членките.
- Остварените приходите по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2014 година изнесуваат 14.074.364 МКД и во вкупните приходи учествуваат со 37,70%. Зголемувањето на приходите по овој основ е за 84% во однос на 2013 година и за 4% во однос на планираните. Најголемиот дел од зголемувањето на овие приходи произлегува од надоместокот за порамнување на трансакцијата со хартии од вредност склучена како резултат на новата емисија на акции на Арчелормитам ЦРМ АД Скопје преку јавна понуда, но и од зголемениот берзански промет на секундарниот пазар во однос на 2013 година.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 240.000 МКД. Приходите по овој основ се намалени 21 % во однос на нивната реализација во 2013 година, а и во однос на планираните за 2014 година (6%). Намалувањето на овој приход е резултат на помал број на нови АД регистрирани во системот на ЦДХВ во 2014 година. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,64%.
- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот, годишна евиденција на акционерска книга со 1(еден) акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2014 година изнесуваат 10.345.179 МКД, што е

на ниво на планираното и на ниво на реализираното во 2013 година по овие основи. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат 27,72%.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 1.354.072 МКД и истите учествуваат во вкупните приходи со 3,63%.
- Остварените приходите по основ на упис на емисии во 2014 година изнесуваат 1.808.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 4,84%. Приходите по овој основ бележат пад во однос на 2013 година (за 18%), додека реализацијата на приходите по овој основ е во рамките на предвиденото. Овој приход произлегува од сите евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2014 година издадени од акционерски друштва и Министерството за финансии.
- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на ХВ, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства и сл. во 2014 година изнесуваат 4.712.045 МКД. Процентот на нивната реализација во однос на 2013 година бележи пораст од 16%, а во однос на финансикиот план за 2014 година помала реализација од 27%. Овие приходи во вкупните приходи учествуваат со 12,63%.
- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на ХВ, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и сл. изнесуваат 1.256.930 МКД. Процентот на нивната реализација бележи пораст во однос на 2013 година од 48%, како и пораст во однос на планираните за 2014 година од 24%. Резултат на зголемување на овие приходи е приливот по основ на спроведување на договори за подарок на хартии од вредност. Овие приходи во вкупните приходи учествуваат со 3,37%.
- Остварените приходи по основ на увиди и копии во акционерски книги изнесуваат 220.500 МКД. Приходите по овој основ се реализирани речиси со иста динамика како во 2013 година. Кај приходите по овој основ е забележан пад за 30% во однос на планираното, што се должи на намалениот интерес на акционерите да прават увид и копии во акционерските книги на АД во Р.Македонија.
- Депозитарот во 2014 година оствари останати приходи од дејност во износ од 391.131 МКД. Во овие приходи влегуваат наплатени отпишани побарувања, приходи од наплата на премии за осигурување, приходи од наплатени законски камати и други приходи. Во вкупните приходи приходите од останати приходи од дејност учествуваат 1.05%. Истите бележат пад од 61% во однос на 2013 година. Приходите по овој основ бележат пад и во однос на планираните за 2014 година од 56%. Приходот по основ на вредносното усогласување на побарувањата произлезен од старосната структура на доспеаните побарувања на акционерските друштва е реализиран и карактеристичен само во 2013 година. Имено приходот по овој основ го формираше најголем дел во структурата на вкупните останати приходи во 2013 година.

**Вкупните расходи** остварени во 2014 година изнесуваат 35.833.072 МКД и истите се во рамките на остварените во 2013 година и планираните за 2014 година.

Во 2014 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 77.771 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 38% помали од оставарените во 2013 година, а поголеми за 34% во однос на проектираните за 2014 година.

Трошоците за вработени во 2014 година изнесуваат 15.421.326 МКД и во нив се вкалкулирани бруто платите на вработените како и трошоците на вработените во согласност со колективниот договор (регрес за годишен одмор за вработените и отпремнина за заминување на пензија на еден вработен). Овие расходи во вкупните расходи учествувуаат со 43,04%. Овие трошоци отстапуваат од планираните за оваа ставка за 3% главно поради продолжувањето на договорот со вработен на определено време заради поместувањето на планираните активности за преселба на Депозитарот во нови деловни простории. Во трошоците за вработените се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 2.812.086 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.5537.182 МКД, што претставува 4,29% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува иста динамика на реализација во однос на 2013 година. Трошокот на амортизација покажува намалување во однос на планиранираниот трошок за 2014 година за 26% како резултат на одложувањето на активностите за инвестирање при преселбата во нови деловни простории. Амортизацијата на материјалните и нематеријалните вложувања е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Депозитарот.

Исправката на вредност на побарувањата на АД во 2014 година изнесува 1.932.155 МКД. Истата како трошковна ставка учествува со 5,39% од вкупните расходи. Трошокот по овој основ покажува намалување во однос на 2013 година за 13%. Намалувањето е од причина што во 2014 година имаше помал број на акционерски друштва за кои беше отворена постапка на стечај и ликвидација во споредба со 2013 година. Ако се изврши споредба на трошокот по основ на исправката на вредност на побарувањата на АД во 2014 година во однос на планиранираниот трошок во 2014 година истиот речиси и да нема отстапувања поради вкалкулираните ефекти од продолжените рокови во Законот за трговски друштва за бришењето на неактивни субјекти, што соодветно би имало свој финансиски ефект на оваа ставка имајќи предвид дека голем дел од овие друштва имаат значајни акумулирани неплатени обврски кон ЦДХВ.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 16.864.638 МКД и истите учествуваат со 47,06 % од вкупните расходи. Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошоците за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на депозитарт изнесуваат 9.898.386 МКД и истите учествуваат со 27,63% во структурата на вкупните расходи. Во однос на реализираните расходи од дејност, надоместокот кој ЦДХВ го плаќа кон КХВ учествува со 58,70% како најголем тошок во неговата структура. Ако се погледне учество на трошокот за КХВ спрема вкупните приходи на Депозитарот реализирани во 2014 година, трошокот по овој основ учествува со 26,51%, што значи дека повеќе од ¼ од остварените приходи на Депозитарот во 2014 година се одлеваат како трошок за надоместок спрема КХВ.
- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.826.443 МКД или 5,10% од вкупните расходи (канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа,

одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература)

- Трошоците за услуги изнесуваат 2.426.603 МКД и истите учествуваат со 6,77% од вкупните расходи. Во трошоците за услуги спаѓаат поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, сервисни услуги, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, радиодифузна такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ, трошоците за ревизија на финансиските извештаи на депозитарот и други.
- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 1.200.022 МКД односно 3,35% од вкупните расходи. Во однос на ланските трошоци по овој основ истите се пониски за 41% поради донесената одлука со која Собранието на акционери на ЦДХВ на редовната годишна седница одлучи надоместок да се исплатува само на независните неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ. Оваа одлука се применува почнувајќи од јуни 2014 година.
- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 258.355 МКД и истите се со иста динамика на реализација како и во 2013 година. Реализираните трошоци по основ на службени патувања се во рамките на планираните за 2014 година.
- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 235.734 МКД и претставуваат 0,66% од вкупните расходи. Во однос на планираните трошоци за оваа намена реализацијата изнесува 59%.
- Трошоците за осигурување изнесуваат 384.195 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опрема, мебел, осигурување на вработените и извршниот директор. Реализацијата на овие трошоци е на ниво на планираното. Во однос на овие трошоци Депозитарот остварува и соодветни приходи, имајќи предвид дека премијата во случај на некористење на осигурителната полиса за менаџерското осигурување ја користи Депозитарот.
- Реализацијата на другите трошоци во 2014 година изнесува 634.900 МКД и претставуваат 1,77% од вкупните расходи. Овие расходи се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на Национални Нумерички Агенции (ANNA), Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за бизнис картичка, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2014 година оставари добивка пред оданочување во износ од **1.499.678 МКД.**

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од **291.302 МКД** и нето добивката за деловната година за 2014 година изнесува **1.208.376 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2014 година изнесува **93.791.958 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства (паричните средства, удели во паричен облик како и депозити во банки орочени на 1месец ,6 месеци и 12 месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2014 година) учествуваат со 65,97%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства (19.478.146 МКД) учествува со 19,76% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 7.615.550 МКД или 8,12% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во најголем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија и од услугите извршени за Министерство за финансии на Р. Македонија кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2014 година изнесува **93.791.958 МКД.** Вкупните обврски на 31.12.2014 година изнесуваат 2.524.791 МКД, а од тоа обврските спрема добавувачите изнесуваат 1.395.747 МКД. Најголемо учество во одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди чиј износ изнесува 1.129.044 МКД, е обврската по данокот на додадена вредност во вкупен износ од 1.126.675 МКД, која достасува за плаќање во Јануари 2015 година.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2014 година, со добивката за финансиската година, изнесуваат 91.267.167 МКД. Од тоа запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 27.294.785 МКД, добивка за финансиskта година 1.208.376 МКД и задржана добивка 14.458.071 МКД.

**Скопје,Февруари 2015 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Антигона Буклеска Младеновиќ**

Централен депозитар за хартии од вредност
ЦДХВ
АД
Скопје

# ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12.2014 година

## АКТИВА

во денари

| Назив | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **1.375.164** | **2.046.304** | **149** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки и комитенти** | **70.883.265** | **72.339.903** | **102** |
| Депозити | 60.169.854 | 59.273.842 | 99 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 5.450.511 | н/а |
| Побарувања од комитенти | 10.713.411 | 7.615.550 | 71 |
| **3.Вложувања во банки** | **76.471** | **76.471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **406.860** | **506.092** | **124** |
| **5.Материјални средства** | **19.071.286** | **18.027.937** | **95** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **1.140.433** | **687.709** | **60** |
| Побарувања за данок на добивка | 396.916 | 105.612 | 27 |
| Останати побарувања | 743.517 | 582.097 | 78 |
| **8.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **333.164** | **107.542** | **32** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **93.286.643** | **93.791.958** | **101** |

## ПАСИВА

| Назив | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **3.264.490** | **2.524.791** | **77** |
| Останати обврски | 1.276.141 | 1.395.747 | 109 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 1.988.349 | 1.129.044 | 57 |
| **2.Капитал и резерви** | **90.022.153** | **91.267.167** | **101** |
| Запишан капитал | 48.305.935 | 48.305.935 | 100 |
| Резерви | 27.258.147 | 27.294.785 | 100 |
| Добивка за финансиска година | 0 | 1.208.376 | н/а |
| Загуба за финансиска година | -4.264.807 | 0 | 0 |
| Задржана добивка | 18.722.878 | 14.458.071 | 77 |
| **ПАСИВА** | **93.286.643** | **93.791.958** | **101** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**во периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година**

| Приходи | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 | Програма 2014 | Индекс 2014/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **2.450.748** | **1.917.169** | 78 | **2.198.544** | 87 |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **28.568.763** | **35.024.450** | 123 | 34.232.916 | 102 |
| Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Годишна членарина за членство | 1.612.800 | 1.013.360 | 63 | 1.102.029 | 92 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 7.629.770 | 14.074.364 | 184 | 13.558.838 | 104 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 304.000 | 240.000 | 79 | 256.000 | 94 |
| Приходи од членарини за годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот ,годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на акции | 10.686.125 | 10.345.179 | 97 | 10.294.997 | 100 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 997.983 | 1.354.072 | 136 | 964.500 | 140 |
| Приходи од упис на емисии | 2.192.000 | 1.808.000 | 82 | 1.984.000 | 91 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 4.060.722 | 4.712.045 | 116 | 5.706.818 | 83 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 848.363 | 1.256.930 | 148 | 1.016.734 | 124 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 237.000 | 220.500 | 93 | 313.500 | 70 |
| **3.Останати приходи од дејност** | **992.489** | **391.131** | 39 | **896.313** | **44** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | | | | | |
| **Вкупни приходи** | **32.012.000** | **37.332.750** | 117 | **37.327.773** | **100** |

| Расходи | 2013 | 2014 | Индекс 2014/2013 | Програма 2014 | Индекс 2014/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **125.111** | 77.771 | 62 | **57.854** | **134** |
| Провизии од банки | 125.111 | 77.771 | 62 | 57.854 | 134 |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | | | | | |
| **3.Трошоци вработени** | 14.933.078 | **15.421.326** | **103** | **14.975.000** | **103** |
| **4. Амортизација** | **1.556.346** | **1.537.182** | 99 | **2.082.617** | 74 |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **2.223.703** | **1.932.155** | 87 | **2.000.000** | 97 |
| **6.Останати расходи од дејност** | **17.361.604** | **16.864.638** | **97** | **18.094.474** | **93** |
| Материјални и слични трошоци | 2.057.138 | 1.826.443 | 89 | 2.143.761 | 85 |
| Трошоци услиги | 2.179.276 | 2.426.603 | 111 | 2.891.379 | 84 |
| Провизија за КХВ | 9.669.780 | 9.898.386 | 102 | 9.898.386 | 100 |
| Одбор на директори | 2.023.384 | 1.200.022 | 59 | 1.200.015 | 100 |
| Трошоци за службени патувања | 286.369 | 258.355 | 90 | 286.369 | 90 |
| Трошоци за репрезентација,реклама и пропоаганда | 170.361 | 235.734 | 138 | 400.923 | 59 |
| Осигурување | 332.445 | 384.195 | 116 | 383.874 | 100 |
| Други трошоци | 642.851 | 634.900 | 99 | 889.767 | 71 |
| **Вкупни расходи** | **36.199.842** | **35.833.072** | 99 | **37.209.945** | 96 |
| **Добивка пред оданочување** | | 1.499.678 | | **117.828** | 1.273 |
| **Загуба пред оданочување** | **4.187.842** | **0** | | | |
| **Данок на непризнаени расходи** | **76.965** | **291.302** | | | |
| **Добивка за финансиската година** | | | | | |
| **Загиба за финанската година** | **4.264.807** | **1.208.376** | | | |

# ПРИЛОГ 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2014 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| МКК ФЕНИ ИНДУСТРИ АД КАВАДАРЦИ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 08.01.2014 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| С.Т.М БРОКЕР ПЛУС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 08.01.2014 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| АМ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 16.01.2014 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ОХРИД 2013 АД ОХРИД | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 16.01.2014 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО ГЛС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 03.03.2014 | 1.500 ОБИЧНИ | 15.000 EUR |
| ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ КОШАРКАРСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 06.03.2014 | 250 ОБИЧНИ | 1.537.500,00 MKD |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО ВИА-БРОКЕР АД ГЛУМОВО СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 26.03.2014 | 100 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОППЕР ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 04.06.2014 | 25.000 ОБИЧНИ, 12.500 ПРИОРИТЕТНИ | 150.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ОЛДТАЈМЕР РЕСТАВРАЦИЈА АД - СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 18.06.2014 | 50 ОБИЧНИ | 25000 EUR |
| ЛАЈФ ВИЗИОН АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 07.07.2014 | 1.500 ОБИЧНИ | 15.000 EUR |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ФУДБАЛСКИ КЛУБ КФГ ГОСТИВАР АД ГОСТИВАР | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 14.07.2014 | 1.000 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| КК КОЖУВ АД ГЕВГЕЛИЈА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 29.09.2014 | 25 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25000 EUR |
| ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 02.10.2014 | 150.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 150.000 EUR |
| ВЕИБО ГРУП МАСЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 31.10.2014 | 2.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 EUR |
| РК ПРИЛЕП АД ПРИЛЕП | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 12.12.2014 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 EUR |
| СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 24.12.2014 | 1.600 ОБИЧНИ АКЦИИ | 80.000 EUR |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2014 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КАРА АД СКОПЈЕ | ПЕТТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 28.03.2014 | 173.100 ОБИЧНИ | 8.655.000 ЕУР |
| КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА- ПРИВАТНА ПОНУДА | 29.04.2014 | 20.000 ОБИЧНИ | 2.000.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 29.04.2014 | 35.000 ОБИЧНИ | 35.000 ЕУР |
| КИБС А.Д. СКОПЈЕ | ЕДИНАЕСЕТТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 23.06.2014 | 4.876 ОБИЧНИ АКЦИИ | 48.760.000 МКД |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 01.08.2014 | 3.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 30.000 ЕУР |
| КОППЕР ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 02.09.2014 | 2.500 ПРИОРИТЕТНИ АКЦИИ | 10.000 ЕУР |
| ВИНЕР ЛАЈФ - ВИГ АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 16.09.2014 | 1.500 ОБИЧНИ | 1.500.000 ЕУР |
| ОХИС АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 18.09.2014 | 99.747 ОБИЧНИ АКЦИИ | 5.099.964,363 ЕУР |
| МЕР АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 17.10.2014 | 486 ОБИЧНИ АКЦИИ | 48.600 ЕУР |
| ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 21.10.2014 | 259.622 ОБИЧНИ АКЦИИ | 13.274.472,86 ЕУР |
| АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ() | ВТОРА ЕМИСИЈА- ЈАВНА ПОНУДА | 31.10.2014 | 13.630.537 ОБИЧНИ АКЦИИ | 69.652.044,07 |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2014 година

| |
|---|
| ТОБАКО АД СКОПЈЕ<br>МАК 2000 АД СКОПЈЕ<br>КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК ЖИ-ВА АД ШТИП<br>ТАБАК ОХРИД АД ОХРИД<br>КЕРАМИКА АД ВЕЛЕС<br>РЖ СКОПЈЕ ФАМОРД АД СКОПЈЕ<br>БИТОЛА БРОКЕР АД БИТОЛА ОД ЛИКВИДАЦИЈА ВО СТЕЧАЈ<br>ЖИВИНАРСКА ФАРМА БЕЛЧЕ АД ДЕМИР<br>ХИСАР<br>АГРО ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ<br>ПРОИМПЕКС-ИПОЗ ПРЕСПА АД<br>СКОПЈЕ<br>МЗТ ФОП АД СКОПЈЕ<br>9-ТИ МАЈ НЕГОТИНО<br>ЕР СЕРВИС АД СКОПЈЕ |

Евидентирани ликвидации над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2014 година

| |
|---|
| ТЕЛЕМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ |
| БК АЛТА ВИСТА БРОКЕР АД СКОПЈЕ |
| БК ПЕОН БРОКЕР АД |
| МОЈ ФОНД АД СКОПЈЕ |
| БК ЕУРО БРОКЕР АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2014 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба

| |
|---|
| ТАУРУС ГРУПА АД КАВАДАРЦИ |
| ПОЛЕТ АД СКОПЈЕ |